**РЕФЕРАТ**
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИЦИ ВО НАСЛОВН0 ЗВАЊЕ
НА БИЗНИС АКАДЕМИЈАТА СМИЛЕВСКИ
ЗА ЗА НАСТАВНАТА ГРУПА ПРЕДМЕТИ:
**СОЦИОЛОГИЈА, ЦИВИЛИЗАЦИИ И БАЛКАНИСТИКА (ЗА СКОПЈЕ)**

Согласно одлуката на Наставнички совет за формирање на рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање за наставната група предмети: Социологија, Цивилизации и Балканистика (за Скопје), донесена на редовната 104 седница на Наставничкиот совет одржана на 30.09.2016 година, а врз основа на Правилникот за избор на наставници на БАС, определени сме за членови на Рецензиската комисија за избор на за наставната група предмети: **Социологија, Цивилизации и Балканистика**

Со решението од Наставничкиот совет ги добивме документите кои беа наведени во конкурсот и по нивното проучување, Рецензиската комисија, во состав: проф. д-р Гордана Тасевска, професор на Бизнис академија Смилевски – БАС Скопје;
вон. проф. д-р Мимоза Бакиевска, професор на Бизнис академија Смилевски – БАС Скопје и проф. д-р Гордана Никчевска, професор на Бизнис академија Смилевски – БАС Скопје има чест на Наставничкиот совет на БАС да му го поднесе следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

## I. Преглед на пријавените кандидати

На конкурсот за избор на наставници на БАС, објавен во Нова Македонија на 31.08.2016 година со рок за пријавување до 8.09.2016 година за наставник во насловно звање за наставната група предмети: Социологија, Цивилизации и Балканистика (за Скопје) се пријавил еден кандидат:

1. **д-р Марија Ристеска**

и истита се упатува кон натамошна постапка за рецензирање со претходна демонстрирација на клиентски ориентирана наставна и обучувачка работа на хабилитационата работилница.

Во продолжение се дава приказ и оценка на остварувањата на кандидатите.

## II. Приказ на образовниот и кариерниот развој и на другите остварувања и компетенции на кандидатот

### 1. д-р Марија Ристеска

**А) Образовен развој**

Д-р. Марија Ристеска е родена во 1979 година во Скопје. Во учебната 1997/8 се запишува на Универзитетот Св. Кирил и Методиј, Правен факултет во Скопје. Како талентиран студент е стипендирана од Министерството за образование и наука. Студиите успешно ги завршува во 2002 година со просек 9,2 за што е наградена со статуетка "бронзен Цицерон".

Уште при завршување на третата година од додипломските студии е добитник на Роберт Шуман стипендија од Европскиот парламент за постдипломски студии на Католичкиот универзитет во Лувен, Белгија. Постдипломските студии по европска јавна администрација и јавна политика ги завршува во 2003 година со тадпа сит laude резултати и се здобива со академскиот степен Master of Arts. Дипломата е нострифицирана во македонскиот систем на високо образование.

Во февруари 2010 година Ристеска се стекнува со научен степен Доктор по политички науки на Правниот факултет во Скопје бранејќи ја докторската теза "Јавна политика и јавна вредност" под менторство на проф. Др. Гордана Силјановска - Давкова.

Марија Ристеска е основач и работи како Извршен директор на Центарот за истражување и креирање политики. Истражувачката работа на Марија е во областа на јавната администрација, јавното управување, доброто владеење и трансферот на политики како и Европеизација на Македонија. Таа е автор на триесетина труда објавени од домашни, странски издавачи, и рецензирани научни списанија. Ристеска е уредник и на пет книги: "Мапирање на лидерите во Македонија и Албанија: дали елитите може да промовираат општествена промена?", "Десет години од Охридскиот рамковен договор: Лекции кои (треба) да се научат", "Македонското прашање: 20 години на политичка борба во Евро интегративните структури", "Дијагностички сродни групи и неплатениот труд на жените" и "Европско право за мали и средни претпријатија".

Ристеска има десет годишно работно искуство и се смета за родоначалник на научната област применета политика во Македонија. Таа е автор на Методологијата за развој на јавни политики на Владата на Република Македонија, и автор на Методологијата за евалуација на законите и политиките. Исто така Ристеска има придонесено кон реформата на процесот на стратешко планирање, партиципативно буџетирање, и подобрување на регулативата во Македонија.

**Б) Кариерен развој**

- 1999-2000 год. – Демонстратор - Уставно право, д-р Светомир Шкариќ при Универзитетот Св. Кирил и Методиј - Македонија, Правен факултет
- 2000 - 2001 год. - Демонстратор - Римско право, д-р Мирјана Поленак - Ајкимовска и д-р Владо Бучковски при Универзитетот Св. Кирил и Методиј - Македонија, Правен факултет.
- 2001 – 2002 год., НДИ, програмски службеник.
- 2002-2003 год., Европски парламент, практикант.
- 2003 год., Nomisma, Правен експерт.
- 2003 – 2004 год., SOGES SpA, постар правен експерт.
- 2004-2006 год., , Светска банка, Агенција за равој, млад стручен соработник.
- 2006 – денес, ЦИКПТ, Извршен директор.

- октомври 2008 - декември 2011 год. - Предавач - Компаративна јавна администрација во Европската унија и Предавач - Европска јавна политика при Универзитетот Њу Јорк – Македонија
- Јануари 2013-Јуни 2016 год - Предавач - Современи политички системи; Теорија на игри, Евро-атлантски интеграции на Македонија, Слобода на изразување, Академско пишување, Дипломатско конзуларно право при Универзитет ФОН

Обучувачко искуство

- Предавач во: Школо за јавни политики: Мајка Тереза, Мрежа на училишта за политички студи на Совет на ЕвроЈавна политика
- UNDEF / PASOS Академијата за креатори на политика "Отворање на вратите за креирање политика**.** Градење на капацитети за политички советници и државни службеници од Киргистан, Казахстан, Узбекистан Дуркменистан**.** Вовед во јавната политика, креирање политика, политиката за истражувања во политиката, анализа на политиките, пишување на политички документи(мај 2012)
- ОБСЕ - мисија во Косово. Градење на капацитети за демократски политики и изработка на законите за локалните службеници во регионот Пеја / Пеќ Со д-р Алан Пејџ, Деканот на Правниот факултет на Данди Универзитетот (декември 2011)**.** Вовед во доброто управување и добра администрација.
- Европската комисија / ИПА за граѓанско општество**.** Градење на капацитети за не-профитни организации во МСо Горан Булдиоски, ИОО Директорот на Фондот за тинк-тенкови (јуни 2011)**.** Истражување на политики и анализа на политиките. Пишување на ефективни политичи трудови Трансфер на политики. Подршка на политиките.
- UN Women - Регионална канцеларија Братислава ЈИЕ Родово одговорно креирање политики и буџетирање програма / Изградба на капацитети за не-профитни организации од Македонија, Србија, Албанија и Босна и Херцеговина (октомври 2011) Родово пвесни применети политички анализи. Родовото одговорно буџетира. Родово одговорно за следење и евалуација на политиките и буџетите.
- Агенцијата за државни службеници на Република Македонија / Центар за обука (февруари 2007-јануари 2011 година) во различни капацитети Вовед во јавната политика (актери, инструменти, модели на лолитики). Вовед во политиката и анализа на состојбата (истражување во политиката, анализа на заинтересираните страни, процена на регулаторното влијание). Вовед во анализа за потребите од обука. Вовед во стратешко планирање. Поврзување на стратешкото планирање со буџетирање.
- FES / Програма за локална самоуправа и Форуми во заедницата Градење на капацитетите на локалните власти. (јануари 2006 - јануари 2007). Вовед во креирањето на политиката Вовед во буџетот. Управување на процесот на буџетирање (учество, транспарентност, одговорност) Програма за буџетирање Мониторинг на буџетските трошоци.

**В) Авторски остварувања:**

- Есен 2016 „GREY Impact and Ideas: Measuring and Tackling the Hidden Economy and Undeclared Work in Bulgaria, Macedonia and Croatia,, презентирана на Shadow Economies and Undeclared Work in Europe: New Insights and Policy Responses,, Септември 1-2, 2016 Софија
- Есен 2015 „Систе.мот за евалуација на политики на Република Македонија: расчленет не поврзан,, презентиран на Подобрување на перформансите на јавната администрација: сегашни искуства и идни перспективи, 9-10 Септември 2015, Белград
- Пролет 2012 "Различни светови - академско и истражување на применети политики " презентирана на “Global Supplementary Grant Program - Европска пролетна Конференција”, 1 -4 април 2012 Клер Колеџ, Кембриџ
- "Родов и меѓуетнички диалог во Македонија ” презентиран на НИСПА конференцијата “Јавна администрација исток и запад: 20 години развој” 23-25 мај 2012 во Охрид, Македонија
- Зима 2011 “Ефектите на европеизација врз Македонија: создавањето на 'policy takers' (превземачи на политики)презентирано на Симпозиумот “Continuity and Change in Southeastern Europe”, Харвард Универзитет, февруари 3-4, 201 1
- 'Подобрување на квалитетот на законите низ подобра регулација ’ презентиран на Конференцијата за Европска група за Јавна Администрација на темата “Закон и јавен менаимепт - Law and Public Management Revisited” одржана во Виена 7-8 февруару 2011
- Пролет 2011 "Десет години од имплементацијата на Охридски Рамковен Договор: осврт кон принципот на рамноправиа и еднаква застапеност иа малцинските групи во јавната администрација во Македонија" презентирано на "Јанва администрација на иднината", НИСПА конференција во Варна, 19-22 мај 2011
- “Инсајдери и аутсајдери во спроведувањето на принципот на еднаква и рамноправна застапеност на малцинските групи во јавната администрација во Македонија” претставена на “Една декада после Охридскиот рамковен договор: лекции што може да се научат од искуството во Македонија” ЦИКП Конференција
- Есен2011 “Улогата на ЕУ во промоција на доброто владеење: примерот на Македонија” презентирана на “UACES конференција за размена на идеи за Европа” Кембриџ 5-7 септември 2011
- Пролет 2010 “Проценка на влијание на регулативата како рамка за добро владеење во здравствениот сектор” презентирана на “Јавна администрација во време на криза”, НИСПА конференција Варшава, мај 2010
- ‘Ефектите на Лисабонскиот договор за пристапните земји 'презентиран на “ЕУ после Лисабон” Конференција организирана од УАЦС Скопје мај 2010
- ‘Кон претприемништво зајавни политики на ниво назаедница-влијанието на децентрализацијата на локалните јавни услуги во У\жеЈ\от]&'презентирано на Истражувачката конференција иа Лондонското школо за економија во “Регионална јавна политика и децентрализација” Загреб мај 2010
- Зима 2007 “Правење на јавни политики основани на докази и користа од тоа за родовата еднаквост”, конференција организирана од “Низ очите на жените” Проект на Европска Комисија и Мултимедиа

- Пролет 2006 "Децентрализација на образовниот систем во ЈИЕ", конференција организирана од Министерство за образование и наука во Охрид, Македонија
- Есен 2005 "Економија основана на знаење: можности и предизвици за Западен Балкан "Втора образовна конференција на Светска Банка ЕЦА: терциарно образование, квалитет, финансирање и врски со човенките капацитети и продуктивноста", одржана во Дубровник, Хрватска
- Зима 2004 "Демократски институцпи и демократизација на Македонија", Конференција на албанското здружение за политички науки '"Предизвици на демократизацијата, развојот, и евро-интергрaциите", одржана во Тирана, Албанија

## III. Заклучок и предлог на рецензиската комисија

Врз основа на поднесената документација, приказот на образовниот и кариерниот развој на кандидатката, авторските остварувања и резултатите од хабилитационата работилница, Комисијата го констатира следново:

- Кандидатката има висок степен на исполнување во однос на академските критериуми
- Резултатите од хабилитационата работилница се на граница на задоволување на БАС – политиката за избор на наставник
- Посебно, не се за занемарување сериозните забелешки од страна на студентите во текот на хабилитационата работилница, а кои во висока мерка влијаат врз одлуката на комисијата

Затоа, Рецензиската комисија смета дека иако кандидатката ги исполнува критериумите за избор на наставник во насловно звање за наставната група предмети: Социологија, Цивилизации и Балканистика (за Скопје), се остава на Наставничкиот совет да донесе конечна одлука за избор на истата во соодветното звање.

**РЕЦЕНЗИСКА КОМИСИЈА**

1. Проф. д-р Гордана Тасевска

_______________________________________

2. Проф. д-р Гордана Никчевска

_______________________________________

3. Проф. д-р Мимоза Бакиевска

_______________________________________